ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
платежна. с-ка: 290-1000000000-46

Во согласност со Одлуката на Советот на Народна банка на Република Северна Македонија за објавување податоци и извештаи од страна на Банката („Службен весник на РМ“ бр.134/2007), ТТК Банка АД Скопје објавува

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ

со состојба 31.12.2024 година
објавен на 15.5.2025 година

**Содржина**:

1. Податоци за Банката
2. Податоци за акционерската структура на Банката
3. Податоци за сопствените средства и адекватноста на капиталот на Банката
   3.1. Податоци за стапка на задолженост
4. Податоци за процесот на управување со ризиците
   4.1. Податоци во однос на управувањето со кредитниот ризик
   4.2. Податоци за структурата на портфолиото за тргување
   4.3. Податоци во однос на управувањето со оперативниот ризик
   4.4. Податоци за капиталните вложувања на Банката

| **1. Податоци за Банката** | |
|---|---|
| **Назив** | ТТК Банка АД Скопје |
| **Седиште** | Скопје, ул. „Народен фронт“ бр. 19а |
| **Единствен матичен број** | 6121110 |
| **Организациска структура** | *Организациска структура на ТТК Банка АД Скопје (прилог) |
| **Број на вработени на 31.12.2024 година** | 262 |
| **Финансиски активности кои Банката може да ги врши во согласност со дозволата за основање и работење издадена од гувернерот на НБРСМ** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);<br>• Финансиски лизинг;<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, острава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари;<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;<br>• Чување на хартии од вредност за клиенти;<br>• Советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;<br>• Продажба на полиси за осигурување;<br>• Застапување во осигурувањето;<br>• Маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност |

| | |
|---|---|
| | на правни лица;<br>• Економски-финансиски консалтинг;<br>• Други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши Банката.<br><br>*Дозвола за основање и работење (прилог) |
| **Финансиски активности кои во моментот ги врши Банката** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата;<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, меници);<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции и други форми на обезбедување;<br>• Тргување со девизни средства;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Застапување во осигурувањето;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица. |
| **Финансиски активности за кои од страна на гувернерот на НБРСМ е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста** | Нема. |

| **2. Податоци за акционерската структура на Банката** | |
|---|---|
| **Назив, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционерите правни лица со квалификувано учество** | • **„Тетекс“ АД Тетово,**<br>ул. „Браќа Миладиновци“ бр. 1, Тетово<br>68.20 - Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)<br>Учество во вкупниот број акции од 41,42414%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 41,42414%<br><br>• **Физички лица поврзани со „Тетекс“ АД Тетово**<br>Учество во вкупниот број акции од 8,57581%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 8,57581%<br><br>• **Вкупно групација „Тетекс“**<br>Учество во вкупниот број акции од 49,99995%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 49,99995% |
| **Име и презиме, адреса и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционерите физички лица со квалификувано учество** | Нема. |
| **Вкупен број и вкупно учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционери кои немаат квалификувано учество во Банката** | Број на акционери кои немаат квалификувано учество во Банката: 1940<br><br>Процент на учество во вкупниот број акции издадени од Банката: 50,00005%<br><br>Процент на учество во вкупниот број акции со право на глас |

| | |
|---|---|
| | издадени од Банката: 50,00005% |

| 3. Податоци за сопствените средства и адекватност на капиталот на Банката | |
|---|---|
| **Износ на почетен капитал запишан во Централен регистар** | 1.033.173.000 денари |
| **Број на акции** | 1.033.173 обични акции |
| **Номинален износ на акциите** | 1.000 денари |
| **Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства** | Сопствените средства претставуваат збир на основниот и дополнителниот капитал, утврдени во согласност со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.<br>При утврдување на износот на сопствените средства, Банката е должна да ги почитува следниве стапки:<br>- редовниот основен капитал не смее да биде понизок од 4,5% од активата пондерирана според ризиците (стапка на редовен основен капитал) и<br>- основниот капитал не смее да биде понизок од 6% од активата пондерирана според ризиците (стапка на основен капитал).<br><br>Основниот капитал претставува збир на редовниот основен капитал и додатниот основен капитал. Компоненти на редовниот основен капитал на Банката се: капиталните инструменти коишто ги исполнуваат условите од точка 14 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, премијата од продажбата на капиталните инструменти, задолжителната општа резерва, задржаната нераспределена добивка којашто не е оптоварена со идни обврски и кумулативната сеопфатна добивка. Редовниот основен капитал е намален за износот на нематеријалните средства, вложувањата во капиталните инструменти на лица од финансискиот сектор, при што тие лица имаат вложувања во Банката и вложувања во капитални инструменти на лица од финансискиот сектор во кои Банката има значајно вложување. Банката нема дополнителен основен капитал. Дополнителниот капитал на Банката се состои од компонентата Субординирани кредити, по основ на емисија на корпоративна обврзница. |
| **Износ и компоненти на основниот капитал, утврден во согласност со Одлуката за Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Основниот капитал на Банката изнесува 1.134.137 илјади денари и се состои од:<br>• Капитални инструменти од РОК: 1.033.173 илјади денари;<br>• Премија од капиталните инструменти:126 илјади денари;<br>• Општ резервен фонд: 131.387 илјади денари;<br>• Задржана нераспоредена добивка: 15.878 илјади денари;<br>• Кумулативна сеопфатна загуба: 311 илјади денари;<br>• Одбитни ставки: 46.738 илјади денари. |
| **Износ и компоненти на дополнителниот капитал, како и нивниот износ, кој во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот може да биде дел од сопствените средства на Банката** | • Субординирани кредити: 20.712 илјади денари |
| **Видот на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал** | • Нематеријални средства: 7.748 илјади денари;<br>• Вложувања во капитални инструменти од РОК на лица од финансискиот сектор во кои Банката има значајно |

| | |
|---|---|
| | вложување: 38.990 илјади денари. |
| **Вкупен износ на сопствени средства и висина на адекватност на капиталот со состојба 31.12.2024 година** | Вкупен износ на сопствени средства: 1.154.849 илјади денари.<br>Адекватност на капиталот: 17,67% |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, прикажан одделно за билансните и вонбилансните ставки** | Капитал потребен за покривање кредитен ризик: 439.239 илјади денари.<br><br>Капитал потребен за покривање кредитен ризик од билансни ставки: 427.852 илјади денари.<br><br>Капитал потребен за покривање кредитен ризик од вонбилансни ставки: 11.387 илјади денари. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Капитал потребен за покривање на валутен ризик: 2.819 илјади денари. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | Капитал потребен за покривање на оперативен ризик: 80.772 илјади денари. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку Банката или НБРСМ оценат дека е тоа потребно заради природата, видот и обемот на активностите коишто ги врши Банката** | Нема. |

| 3.1. Податоци за стапката на задолженост (во 000 МКД) | |
|---|---|
| **ОПИС** | **31.12.2024** |
| Просечна стапка на задолженост (второ полугодие на 2024 година) | 10,59% |
| Просечна стапка на задолженост (прво полугодие на 2024 година) | 10,63% |
| Износ на редовен основен капитал | 1.134.137 |
| Износ на дополнителен основен капитал | нема |
| Износ на основен капитал | 1.134.137 |
| Износ на вкупната билансна изложеност којашто се користи за пресметка на стапката на задолженост | 10.952.391 |
| Износ на вкупната вонбилансна изложеност којашто се користи за пресметка на стапката на задолженост | 317.398 |
| Износ на вкупните билансни изложености во согласност со последните финансиски извештаи | 11.015.190 |
| Износ на вкупните вонбилансни изложености во согласност со последните финансиски извештаи | 445.443 |
| Разлики во билансна изложеност | Одбитните ставки од основниот капитал, акумулирана амортизација и аванси. |
| Разлики во вонбилансна изложеност | Примена на различни фактори на конверзија. |

| **4. Податоци за процесот на управување со ризиците (податоците во овој дел се содржани во ревизорскиот извештај за 2024 година)** | |
|---|---|
| **Стратегии и процеси за управување со секој поединечен ризик** | • Банката воспоставува интегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на кои е изложена и кој е соодветен на природата, големината и сложеноста на финансиските активности коишто ги врши.<br>• Врз основа на Стратегијата за преземање и управување со ризици, Банката воспоставува посебни политики и процедури за преземање и управување со сите ризици на кои е изложена во своето работење.<br>• Политиките за преземање и управување со ризиците содржат:<br>– Оцена на капацитетот на Банката за преземање одделни ризици;<br>– Организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците;<br>– Основни елементи на управувањето со ризиците;<br>– Прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците;<br>– Внатрешна контрола и основни елементи на процесот за утврдување на интерниот капитал на Банката;<br>– Оцена на потребната адекватност на капиталот на Банката.<br>• Банката во своето работење е изложена и управува со следните видови ризици: |

| | |
|---|---|
| | 1. Кредитен ризик или ризик од загуба за Банката, поради неможноста нејзиниот клиент да ги измирува своите обврски кон неа во договорениот износ и/или во договорените рокови;<br>2. Ликвидносен ризик или ризик од загуба што се јавува кога Банката не може да обезбеди доволно парични средства за намирување на своите обврски во рокот на нивното достасување, или може да ги обезбеди потребните средства со многу повисоки трошоци;<br>3. Валутен ризик или ризик од загуба заради промена на меѓувалутните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути;<br>4. Пазарен ризик или ризик од загуба како последица на промена на цената на финансиските инструменти наменети за тргување;<br>5. Оперативен ризик или ризик од загуба, поради:<br>а) несоодветни или слаби внатрешни процеси,<br>б) несоодветни лица и несоодветни или слаби системи во Банката,<br>в) надворешни настани.<br>Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, ризикот од несоодветност на информативните системи и други оперативни ризици;<br>Правниот ризик е ризик од загуба којшто произлегува од прекршувања/непочитувања на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди, или како последица на погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и други правни документи;<br>6. Ризикот од концентрација на изложеноста подразбира ризик од загуба којшто произлегува од директна или индиректна изложеност на Банката кон лице, дејност, географска локација, инструмент, пазар и слично;<br>7. Ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности претставува ризик од загуба којшто произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а коишто влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности на Банката;<br>8. Ризикот на земја подразбира ризик од загуба поради изложеноста на Банката кон клиент од одредена земја, којшто произлегува од регулаторните, економските, социјалните и политичките услови во земјата во која се наоѓа седиштето на клиентот.<br>9. Репутацискиот ризик е ризик од загуба којшто произлегува од неповолните согледувања за Банката од страна на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите и супервизорските органи;<br>10. Стратегискиот ризик е ризик од загуба, којшто произлегува од промените во деловното опкружување, несоодветните деловни одлуки, несоодветното спроведување на одлуките или недоволната респонзивност на Банката на промените во деловното опкружување, како и несоодветното спроведување на развојниот план и деловна политика. |
| **Структура и организација на функцијата за управување со ризици** | • Банката воспоставува организациска структура, со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризиците, која одговара на големината, видот и сложеноста на Банката и на финансиските активности кои ги врши. |

ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387
www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
платежна. с-ка: 290-1000000000-46

| | |
|---|---|
| | • Управувањето со ризиците во Банката се остварува на сите хиерархиски нивоа во организациската структура. Имено, на стратегиско ниво управувањето е во надлежност на Надзорниот одбор на Банката кој ги усвојува политиките за управување со ризиците и ги дефинира стратегиските определби и преференции на Банката за изложување на секој одделен тип ризик. Надзорниот одбор преку усвојување на политиките ги дефинира генералните насоки и целите при управување со ризиците, прифатливото ниво на ризик, лимитите кои спречуваат ризик од концентрација, организациската поставеност во процесот на управување со ризиците, поделбата на надлежностите, прифатливите инструменти за намалување на ризикот, поставеноста на информативниот систем и системот за внатрешна контрола и ревизија.<br>• Врз основа на усвоените политики, Управниот одбор донесува и/или воспоставува процедури и методологии за управување со ризиците на Банката во кои подетално се разработени процесите и активностите за управување со ризиците кои овозможуваат јасна поделба на надлежностите помеѓу организациските делови кои се носители и кои преземаат ризици и организациските делови кои се надлежни за управување со истите.<br>• Одборот за управување со ризици редовно го следи и го оценува системот за управување со ризиците, ги разгледува извештаите за управување со одделните ризици, воспоставува лимити за изложеност на ризици и го следи нивното остварување, како и други активности во согласност со законските одредби кои се во доменот на стратегиско управување со ризиците.<br>• Имплементацијата на политиките и процедурите се остварува на макро ниво, преку централизирано управување со ризиците од страна на Дирекцијата за управување со ризици која работи во рамките на Секторот за стратешко банкарство, од една страна, како и на микрониво преку нивно почитување од страна на вработените во Секторот за комерцијално банкарство, односно лицата кои преку своите работни активности ја изложуваат Банката на ризик, од друга страна. |
| **Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување** | • Банката во согласност со политиките за преземање и управување со ризиците воспоставува процедури за преземање, мерење или оцена, следење, контрола или намалување на ризиците кои треба:<br>– Да овозможат навремено и сеопфатно идентификување на ризиците (мапирање на ризиците) со кои се соочува Банката;<br>– Да се засноваат врз квантитативни и/или квалитативни оцени за мерливите и немерливите ризици;<br>– Да вклучуваат правила, начини и постапки за намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците, кои се идентификувани, мерени и оценети од страна на Банката;<br>– Да ги дефинираат фреквенцијата и методите за следење на ризиците.<br>• Банката има воспоставено ефикасен информативен систем кој овозможува навремено и точно известување на органите на управување (Управниот одбор, Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици и Одборот за ревизија) за изложеноста на сите одделни ризици, како и за ризичниот профил на |

| | |
|---|---|
| | Банката. Овој систем подразбира почитување на дефинирана динамика за изработка и доставување интерни и законски извештаи и известувања, кои овозможуваат навремено информирање за движењето на сите ризици, како и преземање соодветни корективни активности доколку тоа е потребно. |
| **Политики и процедури за управување со ризици** | • Интерни акти на Банката со кои се регулира управувањето со одделните ризици на кои е изложена:<br>– Стратегија за управување со ризици во чиј состав е Документот за прифатливо ниво на ризик;<br>– Стратегија за справување со напади во дигиталниот простор;<br>– Политика за управување со кредитен ризик;<br>– Кредитна политика;<br>– Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности;<br>– Политика за управување со валутен ризик;<br>– Политика за управување со пазарен ризик;<br>– Политика за управување со ликвидносен ризик;<br>– Политика за управување со стратегиски ризик;<br>– Политика за управување со репутациски ризик;<br>– Политиката за управување со оперативен ризик;<br>– Политика за следење поврзани лица и лимитите на изложеност;<br>– Политика за систем на внатрешна контрола и функции на контрола;<br>– Политика за идентификување и спречување судир на интереси;<br>– Политика за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите;<br>– Политика за управување со поплаки;<br>– Програма за контрола и следење на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;<br>– Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам;<br>– Политика за управување со правен ризик;<br>– Политика за сигурност на информативниот систем на Банката;<br>– Политика за сигурносните мерки за оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежните услуги;<br>– Процедура за работа на Дирекцијата за управување со ризици;<br>– Процедура за спроведување на процесот за утврдување на интерниот капитал на Банката;<br>– Процедура за спроведување на процесот за утврдување на интерна ликвидност на Банката;<br>– Процедура за вршење стрес-тестирање;<br>– Процедура за управување со репутациски ризик;<br>– Процедура за управување со стратегиски ризик;<br>– Процедура за управување со оперативен ризик;<br>– Процедура за идентификување и следење на лицата поврзани со Банката;<br>– Процедура за работа на Одделот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;<br>– Процедура за спроведување финансиски рестриктивни мерки; |

| | |
|---|---|
| | – Процедура за вршење процена на ризикот од перење пари и финансирање тероризам на ниво на Банка<br>– Процедура за управување по поплаки;<br>– Процедура за начинот на доставување на податоци до Кредитен регистар на НБРСМ;<br>– Процедура за управување со оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежните услуги;<br>– Правилници, Стандарди, Процедури и Упатства за сигурност на информативниот систем;<br>– Методологија за класификација на изложеноста на кредитен ризик и пресметка на исправка на вредност/посебна резерва;<br>– Методологија за оштетување на финансиските средства кои се мерат по амортизирана вредност согласно МСФИ 9;<br>– Методологија за утврдување на веројатноста и зачестеноста на промената на каматните стапки;<br>– Методологија за утврдување на очекувана рочна структура на паричните приливи и одливи;<br>– Методологија за оцена на веројатноста на парични одливи од други производи и услуги;<br>– Методологија за оцена на веројатноста за одлив на мали депозити со исклучок;<br>– Методологија за избор, следење и оцена на користени услуги од надворешни лица. |

| **4.1. Податоци во однос на управувањето со кредитниот ризик** | |
|---|---|
| **Опис на политиката за вршење исправка на вредноста и за издвојување посебна резерва** | • Банката врши класификација на изложеноста на кредитен ризик и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на поединечна основа преку утврдување на сегашна вредност на идните парични текови кои ќе настанат врз основа на тие побарувања.<br>• Износот на исправката на вредност за активните билансни побарувања на поединечна основа се утврдува како разлика помеѓу сметководствената вредност на билансните побарувања и сегашната вредност на идните очекувани парични текови врз основа на тие побарувања. Сегашната вредност на активните билансни побарувања се добива со дисконтирање на очекуваните идни парични текови по тие побарувања со употреба на ефективна каматна стапка утврдена врз основа на договорот.<br>• Банката врши исправка на вредноста, односно издвојува посебна резерва, во рамките на следните граници:<br>– Од 0,01% до 5% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „А“;<br>– Над 5% до 20% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Б“;<br>– Над 20% до 45% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „В“;<br>– Над 45% до 70% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Г“;<br>– Над 70% до 100% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Д“.<br>Банката не утврдува исправка на вредност, односно не издвојува посебна резерва за побарувањата од централната влада и централната банка за кои во согласност со регулативата за методологија за утврдување на адекватност на капиталот на НБРСМ се применува пондер на ризичност од 0% и за изложеност |

| | |
|---|---|
| | обезбедена со првокласни инструменти на обезбедување. |
| **Износ на изложеноста на кредитен ризик, пред и по извршената исправка на вредноста, односно по издвоената посебна резерва** | • 10.380.607 илјади денари пред исправка на вредност/посебна резерва;<br>• 10.242.505 илјади денари по исправка на вредност/ посебна резерва. |
| **Просечна изложеност на кредитен ризик за периодот за кој се објавува и изложеноста по одделни категории на ризик** | Изложеност на кредитен ризик по категории на ризик:<br>• А – 9.900.925 илјади денари (95,4%)<br>• Б – 303.004 илјади денари ( 2,9%);<br>• В – 84.102 илјади денари (0,8%);<br>• Г – 40.207 илјади денари (0,4%);<br>• Д – 52.369 илјади денари ( 0,5%). |
| **Износ на достасаните кредити** | • 10.136 илјади денари достасани редовни кредити. |
| **Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва** | • 8.610.297 илјади денари пред исправка на вредност/ посебна резерва;<br>• 8.472.195 илјади денари по исправка на вредност/ посебна резерва. |
| **Географска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик – Република Северна Македонија, земјите членки на ЕУ, земји во Европа, земјите членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа), останати земји** | • Република Северна Македонија – 97,59%;<br>• Земји членки на ЕУ – 2,41%;<br>• Европа (останато) – нема;<br>• Земји членки на ОЕЦД (без европските земји членки на ОЕЦД) – нема. |
| **Секторска дистрибуција на изложеност на кредитен ризик – изложеност кон** | • Банки – 678.517 илјади денари;<br>• Други финансиски институции – 2.185.986 илјади денари;<br>• Држава – 1.772.277 илјади денари;<br>• Нефинансиски институции – 1.578.178 илјади денари;<br>• Физички лица и трговци поединци –4.021.588 илјади денари;<br>• Непрофитни институции – 5.961 илјади денари. |
| **Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до една година и над една година)** | • До една година – 4.322.101 илјади денари;<br>• Над една година – 5.971.441 илјади денари. |
| **Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности** | • Нерезиденти – 2,41%;<br>• Земјоделство,шумарство и рибарство - 0,53%;<br>• Рударство и вадење камен - 0,00%;<br>• Прехранбена индустрија -0,89%;<br>• Текстилна индустрија и производство на облека и обувки - 0,23%;<br>• Хемиска индустрија, производство на градежни материјали, производство и преработка на горива - 0,23%;<br>• Производство на метали, машини, алати и опрема - 0,39%<br>• Останата преработувачка индустрија - 0,61%;<br>• Снабдување со елек. енергија, гас, пареа и климатизација - 0,26%;<br>• Снабдување со вода и отстр. со отпадни води, управување со отпад и дејност за санација на околината - 0,56%;<br>• Градежништво - 4,68%;<br>• Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни |

| | |
|---|---|
| | возила и мотоцикли - 1,90%;<br>• Транспорт и складирање - 2,13%;<br>• Објекти за сместување и сервисни дејности со храна - 0,49%;<br>• Информации и комуникации - 0,21%;<br>• Финансиски дејности и дејности на осигурување – 25,59%;<br>• Дејности во врска со недвижен имот - 0,27%;<br>• Стручни, научни и технички дејности - 0,20%;<br>• Административни и помошни услужни дејности - 1,10%;<br>• Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување - 17,30%;<br>• Образование – 0,00%;<br>• Дејности на здравствена и социјална заштита - 0,35%;<br>• Уметност, забава и рекреација - 0,36%;<br>• Други услужни дејности - 0,03%;<br>• Дејност на домаќинства како работодавци - 0,00%;<br>• Дејност на екстериторијални организации и тела - 0,00%;<br>• Физички лица - 38,88%;<br>• Трговци поединци и физички лица кои не се сметаат за трговци - 0,39%.<br><br>За најголемата изложеност кон одделна дејност податоци за:<br><br>а) Износот на достасаните кредити:<br>• Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување – нема;<br>б) Износот на изложеноста за којашто е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва:<br>• Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување – нема;<br>в) Износот на извршена исправка на вредноста, односно издвоената посебна резерва за идентификуваните кредитни загуби од изложеноста кон дејноста:<br>• Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување – нема. |
| **Износот на реструктурираните побарувања, во согласност со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките** | • 67.868 илјади денари пред исправка на вредност;<br>• 40.564 илјади денари по исправка на вредност. |
| **Движењето на исправката на вредност, односно издвоената посебна резерва во текот на извештајниот период** | • Состојба на почетокот на периодот 01.01.2024 – 131.616 илјади денари;<br>• Негативни курсни разлики – 3 илјади денари;<br>• Дополнителна исправка на вредност – 102.060 илјади денари;<br>• Ослободена исправка на вредност/посебна резерва – 64.664 илјади денари;<br>• Отписи во текот на периодот за кој се објавува – 30.912 илјади денари;<br>• Преземен колатерал во текот на периодот за кој се објавува – нема;<br>• Состојба на крајот на периодот 31.12.2024 – 138.102 илјади денари. |

## 4.2. Податоци за структурата на портфолиото за тргување

| | |
|---|---|
| **Структура на портфолиото за тргување по одделни видови финансиски инструменти со состојба 31.12.2024 година** | • Од аспект на структурата, портфолиото за тргување го сочинуваат сопственички инструменти за тргување. |
| **Политиките кои ги применува Банката за распоредување на одредена позиција во портфолиото за тргување или во портфолиото на банкарски активности** | • Политика за управување со пазарен ризик. |

| **4.3. Податоци во однос на управувањето со оперативниот ризик** | |
|---|---|
| **Податоци за пристапот за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | • Банката пресметува капитал потребен за покривање оперативен ризик со примена на пристапот на базичен индикатор. |

| **4.4. Податоци за капиталните вложувања на Банката** | |
|---|---|
| **Краток опис на стратегијата на Банката за стекнување капитални делови на други правни лица** | • Нема. |
| **Краток опис на политиката на Банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања** | • Во согласност со Сметководствените политики, Банката ги класифицира капиталните вложувања во група на Хартии од вредност расположливи за продажба. Генерално, финансиските средства расположливи за продажба последователно се мерат по објективна вредност врз основа на пазарна вредност или ако не постои активен пазар, се мерат врз основа на метод кој најдобро би ја определил објективната вредност на сопственичките инструменти и, во согласност со ИФРС-стандардите, промените се евидентираат во капиталот во билансот на успех, во зависност од избраниот модел. |
| **Износ на капиталните вложувања и нивната класификација според видот, т.е. според тоа дали се работи за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои постои активен пазар или за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои не постои активен пазар** | • 75.358.331 денари<br>• Вложувања во сопственички хартии од вредност. |
| **Секторска структура на капиталните вложувања (капитални вложувања во банки, други финансиски институции, нефинансиски институции, нерезиденти)** | • Нефинансиски правни лица, банки, други финансиски институции. |
| **Кумулативен износ на реализирани добивки/(загуби) кои произлегуваат од** | • Нема. |

| | |
|---|---|
| **отуѓувањето на вложувањата во текот на периодот за кој се објавува** | |
| **Вкупен износ на нереализирани добивки (загуби) од капиталните вложувања** | • Нема. |

# Организациона структура на ТТК Банка АД Скопје



**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 02-14/ 81 -2006 Скопје, 05.06.2006 година

Врз основа на член 21 став 3 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 63/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003) и Одлуката за потребната документација за издавање на дозволи според одредбите на Законот за банките, Законот за хартии од вредност и Законот за банки за микрофинансирање („Службен весник на РМ" бр. 68/2003 - пречистен текст), на 05.06.2006 година, гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се издава дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово, во нова банка која ќе работи под (фирма) назив „ТТК БАНКА" АД Скопје.

2. „ТТК БАНКА" АД Скопје е правно лице со седиште во Скопје, на улица „Народен фронт", бр. 19 А.

3. Со спојувањето, „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово ќе престанат без ликвидација и ќе се изврши универзален пренос на целиот нивен имот, побарувања и на обврските врз „ТТК БАНКА" АД Скопје, во замена на акциите од „ТТК БАНКА" АД Скопје, со состојба на датумот на впишување на „ТТК БАНКА" АД Скопје во Трговскиот регистар.

4. Основната главница (акционерски капитал) на „ТТК БАНКА" АД Скопје, согласно со почетниот биланс на состојба од 01.01.2006 година, изнесува 680.916 илјади денари и истовремено е капитал на новата банка утврден согласно со Законот за банките.

Вкупниот акционерски капитал е поделен на 680.916 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари по акција.

5. а) Основачи на „ТТК БАНКА" АД Скопје со акции во номинален износ од над 5% од вкупните акции се:

- „Тетекс АД" Тетово и субјектите поврзани со него: „Тепласт" ДОО Тетово, „Тегот" ДОО Тетово, „Петролгас" ДООЕЛ Тетово, Љиљана Трповска, Борислав Трповски и Глигорие Гоговски, со вкупно 408.645 обични акции што претставува учество од 60,01% во вкупните акции. Од нив, на „Тетекс" АД Тетово му припаѓаат 362.743 акции или 88,77%, односно 53,27% од вкупните акции;

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 3108-108 (Централа); + 02 3108-251
Факс: + 02 3108-357 (Централа); + 02 3108-348
Телекс 51415 NARBAM MB

- „Жито Полог“ АД Тетово со вкупно 40.258 акции, што претставува учество од 5,91% во вкупните акции; и

- „Жито Битола“ АД Битола со вкупно 37.023 обични акции, што претставува учество од 5,44% во вкупните акции.

б) Решението врз основа на кое некое правно или физичко лице ќе се стекне со акции во номинален износ над 5% во вкупниот број на акции, ќе се смета за измена и дополнување на ова Решение.

6. „ТТК БАНКА“ АД Скопје може да ги врши следниве финансиски активности:

- Примање на сите видови парични депозити на правни лица;
- Примање на сите видови парични депозити на физички лица;
- Давање и земање кредити во земјата;
- Менувачки работи;
- Издавање парични картички;
- Финансиски лизинг;
- Платен промет во земјата во согласност со закон;
- Економско-финансиски консалтинг;
- Давање услуги при наплата на фактури, водење евиденција;
- Давање други финансиски услуги (острава, изнајмување сефови и друго);
- Издавање денарски парични гаранции, авали и други форми на гаранција;
- Купување и продажба на краткорочни хартии од вредност за своја сметка или за сметка на комитентот;
- Купување, продажба и наплата на побарувања;
- Платен промет со странство, вклучувајќи и вршење услуги брз трансфер на пари;
- Кредитни и гаранциски работи со странство;
- Факторинг за сметка на комитентите;
- Тргување со хартии од вредност за своја сметка и за сметка на комитентите;
- Тргување со девизни средства и извршување девизни трансакции; и
- Чување, управување со хартии од вредност и предмети од благородни метали.

7. Предложениот Статут на „ТТК БАНКА“ АД Скопје е во согласност со Законот за банките и Законот за трговските друштва.

8. „ТТК БАНКА“ АД Скопје е должна до Народна банка на Република Македонија да достави извод од извршената регистрација, заедно со документацијата што е доставена за упис на статусната измена - спојување, во рок од петнаесет дена по извршениот упис во Трговскиот регистар.

## О б р а з л о ж е н и е

На 25.11.2005 година „Тетекс - Кредитна банка“ АД Скопје и на 28.11.2005 година „Тетовска банка“ АД Тетово, до Народна банка на Република Македонија поднесоа барања за добивање дозвола за статусна измена - спојување врз основа на донесени Одлуки на Собранијата на акционери на двете банки за отпочнување постапка за статусна измена - спојување.

Кон барањата е доставена документацијата пропишана во Одлуката за потребната документација за издавање дозволи според одредбите на Законот за банките, Законот за хартии од вредност и Законот за банки за микрофинансирање („Службен весник на РМ“ бр. 68/03 - пречистен текст), Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/2004) и Одлуката за потребната документација за издавање на согласности на банките и за доставување на известување за промена на сопственичката структура на акции со право на глас („Службен весник на РМ“ бр. 85/2004) .

По извршената обработка на доставената документација се утврди следното:

Со спогодбата усвоена од Управните одбори на „Тетекс - Кредитна банка“ АД Скопје на 28.02.2006 година и на „Тетовска банка“ АД Тетово на 24.02.2006 година се врши усогласување на условите помеѓу двете банки кои се спојуваат. Спогодбата станала полноважна по потврдување од страна на Собранијата на акционери на банките што се спојуваат одржани на 05.04.2006 година. На истите Собранија, акционерите го прифатиле извештајот за спојување, изготвен од Управните одбори на двете банки согласно со член 526 од Законот за трговските друштва, во кој се образложени промените настанати до денот на потврдување на Спогодбата за спојување од страна на Собранијата на акционери на банките.

Со спојувањето, банките кои се спојуваат ќе престанат без ликвидација и ќе се изврши универзален пренос на целиот нивен имот, побарувања и на обврските врз новата банка, во замена на акциите од новата банка, со состојба на датумот на нејзиното запишување во Трговскиот регистар.

Согласно со Елаборатот за економската оправданост за спојување на двете банки, целите на спојувањето се состојат во поефикасно работење, проширување на обемот и асортиманот на работењето и подобрување на квалитетот во извршувањето на банкарските функции во целина.

Основни принципи врз кои ќе се базира работењето на новата банка се:
- профитабилно работење;
- почитување економски критериуми и банкарски принципи во работењето;
- создавање потребни предуслови за поквалитетно следење на потребите на клиентите;
- квалитетно и професионално извршување на банкарските услуги и поддржување на иновативни технолошки решенија; и
- целосна заштита на вредноста на вложените средства на депонентите, акционерите и комитентите на банката.

Ревизијата на усогласеноста на Спогодбата за спојување, како и на адекватноста на пресметката на индексот на размена на акциите, со постојната законска регулатива ја изврши ревизорската куќа Grant Thornton. Според ревизорот, индексот на размена на акциите на „Тетекс - Кредитна банка“ АД Скопје и „Тетовска банка“ АД Тетово со акции на „ТТК БАНКА“ АД Скопје е пресметан во согласност со барањата на соодветните законски одредби, со примена на книговодствена метода и врз основа на податоците од законските финансиски извештаи на банките со состојба на 31.12.2005 година, и според мислењето на ревизорот тој е праведен и разумен.

Соодносот според кој ќе се врши размената на акциите на банките кои се спојуваат со акции на новата банка е утврден врз основа на претходно утврдените

ревидирани билансни и вонбилансни позиции на двете банки кои се спојуваат, на проценка на исходот од судските спорови што ги водат банките кои се спојуваат и на проценка на постоечката инфраструктура во врска со нејзиниот одраз на пазарните можности на банките кои се спојуваат.

Една акција од „Тетекс - Кредитна банка“ АД Скопје, која сега има номинална вредност од 1.000,00 денари, ќе се менува за 0,310127 акции на новата банка, додека една акција од „Тетовска банка“ АД Тетово, која сега има номинална вредност од 3.000,00 денари, ќе се менува за 2,605864 акции на новата банка. Номиналната вредност на една акција на новата банка ќе изнесува 1.000,00 денари. Акционерите на новата банка ќе учествуваат во добивката на новата банка-корисник од датумот на впишување на „ТТК БАНКА“ АД Скопје во Трговскиот регистар.

Преземањето на акциите би се извршило така што на своето основачко собрание новата банка ќе донесе одлука за распишување основачка емисија на акции во вкупен износ кој ќе биде во согласност со утврдениот капитал на новата банка и во рокот утврден со основачката емисија. Акционерите на двете банки што се споиле ќе извршат замена на акциите кои ги поседуваат со акции на новата банка, согласно со соодносот утврден во Спогодбата за спојување.

Доставениот Предлог-статут на „ТТК БАНКА“ АД Скопје, утврден од страна на Управните одбори на двете банки, е во согласност со Законот за банките и Законот за трговските друштва. Во Предлог-статутот е определено дека акционерите на двете банки што се спојуваат ќе станат акционери во новата банка, при што во моментот на спојување ќе ги стекнат сите права и обврски од акциите предвидени со закон и одлуката за основачка емисија на новата банка. При тоа, ниеден акционер нема да се стекне со посебни права или погодности.

Деловните активности на банките што се спојуваат се пренесуваат на новата банка со денот на нивното бришење од Трговскиот регистар и уписот на новата банка во Трговскиот регистар. За датум од кога зделките на банките што се спојуваат, од сметководствена гледна точка, ќе се сметаат како да се извршени за сметка на новата банка, ќе се смета датумот на впишување на „ТТК БАНКА“ АД Скопје во Трговскиот регистар.

Вкупната актива/пасива на „Тетекс - Кредитна банка“ АД Скопје со состојба на 01.01.2006 година изнесува 1.264.373,00 денари.

Вкупната актива/пасива на „Тетовска банка“ АД Тетово со состојба на 01.01.2006 година изнесува 1.750.059,00 денари.

Годишните сметки на банките што се спојуваат, за потребите на спојувањето се изготвени со датум 31.12.2005 година, а конечните годишни сметки ќе бидат изготвени со датумот на впишување на „ТТК БАНКА“ АД Скопје во Трговскиот регистар.

Елаборатот за економската оправданост за спојување на двете банки е документ кој поаѓа од карактеристиките на макроекономските услови во Република Македонија како амбиент за дејствување, од влијанието на пазарот, односно потребата да се совладаат притисоците од конкуренцијата и промените во однос на свесноста на клиентите за финансиските услуги што ги нудат банките, коишто се сите причини за преземање иницијативи за окрупнување на банкарскиот систем во земјата. Елаборатот понатаму дава краток осврт на основните карактеристики на работењето на двете банки во изминатиот период,

ако појдовна основа на идното работење на новиот субјект, со посебен акцент на основните проблеми со кои се соочуваат двете банки, и тоа големиот износ на некаматоносна актива, неквалитетното портфолио на реализирани хипотеки и залози што ги ограничува растот и резултатите од работењето, особено во случајот на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и неразвиената мрежа на експозитури во случајот на „Тетовска банка" АД Тетово, што ја детерминира пред сè како локална банка. Документот содржи анализа на потребата за спојување со осврт на пазарот на кој ќе учествува банката, финансиските услуги кои ќе ги извршува, како и комитентите кои ќе бидат нејзина целна група; основните цели кон чие остварување е насочено спојувањето; основните принципи врз кои ќе базира работењето на новиот субјект; деловната политика на новиот субјект; како и проекции за финансиското работење на новиот субјект во периодот 2006 - 2008 година.

Елаборатите за оправданоста од вршењето поодделни финансиски активности содржат краток опис на основните карактеристики на финансиската активност, обликот во кој ќе биде застапена во новата банка и целите кон чие остварување е насочена таа активност. Елаборатите содржат проекции на очекуваните финансиски ефекти од вршењето на секоја поодделна активност, кои поаѓаат од почетниот биланс на новата банка и проектираните движења кај поодделните средства и извори на средства што ќе бидат резултат на вршењето на финансиските активности во севкупноста на деловната ориентација на банката во следниот период. Проекциите ги земаат предвид сите приходи и расходи поврзани со извршувањето поодделна активност. Исто така, содржани се податоци во однос на организациските делови носители на поодделните финансиски активности, деловниот простор во кој ќе се извршуваат тие и нивната покриеност со процедури и упатства за работа и податок за предвидениот број на лица за извршување на секоја поодделна активност.

Доставените политики за управување со ризиците од работењето претставуваат генерална рамка за управување со ризиците и содржат општи дефиниции на поодделните ризици, елементите кои се земаат предвид при оценка на ризикот, дефинирање лимити и индикатори, улогата и надлежностите на органите на управување.

Процедурите и упатствата за извршување поодделни финансиски активности даваат осврт на општото дефинирање на поодделните активности, на организацијата и постапката за нивно извршување и правата и обврските на новата банка и комитентите.

Деловната политика на новата банка ја претставува деловната ориентација на банката и ги дефинира целите кон чија реализација треба да биде насочено работењето во следниот период, со оценка за изложеноста кон поодделни ризици. Во тој контекст, таа содржи насоки во однос на оперативното работење на новата банка, ги поставува основите на кадровската политика, содржи дел кој се однесува на контролата на трошоците, управувањето со ликвидноста, маркетингот и пропагандата, развојот на нови производи, насоките во однос на политиката за спроведување етика во работењето, системот на наградување, дефинирањето мерки за безбедност, како и на конфликтот на интереси.

Појдовна основа во изготвувањето на финансиските проекции за периодот 2006 - 2008 година претставува почетниот биланс на „ТТК БАНКА" АД Скопје:

илјада денари

| АКТИВА | ТТК БАНКА |
|---|---|
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И САЛДА КАЈ НБРМ | 162.320 |
| БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НБРМ | 111.992 |
| ДОЛГОВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 26.881 |
| ПЛАСМАНИ КАЈ ДРУГИ БАНКИ | 397.095 |
| ПЛАСМАНИ КАЈ КОМИТЕНТИ | 1.380.410 |
| ПРЕСМЕТАНА КАМАТА И ОСТАНАТА АКТИВА | 503.576 |
| ВЛОЖУВАЊА ВО ДОМАШНИ СОПСТВЕНИЧКИ ХВ | 169.882 |
| ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 262.276 |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | **3.014.432** |

| ПАСИВА | ТТК БАНКА |
|---|---|
| ДЕПОЗИТИ ОД БАНКИ | 85.849 |
| ДЕПОЗИТИ ПО ВИДУВАЊЕ | 1.016.850 |
| КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ ДО 1 ГОДИНА | 592.421 |
| КРАТКОРОЧНИ ЗАЕМИ ДО 1 ГОДИНА | 6.142 |
| ОСТАНАТА ПАСИВА | 161.616 |
| ДОЛГОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ НАД 1 ГОДИНА | 95.588 |
| ДОЛГОРОЧНИ ЗАЕМИ НАД 1 ГОДИНА | 178.186 |
| РЕЗЕРВАЦИИ ЗА ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ | 216 |
| СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА | 877.564 |
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | **3.014.432** |

Проекциите не предвидуваат зголемување на акционерскиот капитал на новата банка во следниот тригодишен период. Проектираниот пораст на сопствените средства (5% во 2007 година и 12% во 2008 година) се должи на проектираното работење на новиот субјект со добивка и насочување на дел од добивката кон зголемување на сопствените средства. Во следниот тригодишен период проекциите предвидуваат зголемување на депозитната база со просечна годишна стапка од 30%. Сето тоа би довело до вкупен пораст на финансискиот потенцијал во следниот тригодишен период од 76%, односно достигнување актива од 5.316.462 илјади денари.

Согласно со доставените проекции, целокупниот пораст на изворите на средства би се рефлектирал кај пласманите на новата банка, кои во 2006, 2007 и 2008 година би бележеле пораст од 28%, 42% и 37%, респективно, со што на крајот на 2008 година нивното учество би изнесувало 74% од вкупната актива.

Проекциите предвидуваат работа со добивка, која на крајот на 2006 година би требало да изнесува 69.276 илјади денари, на крајот на 2007 година 139.607 илјади денари и на крајот на 2008 година 279.953 илјади денари.

Организациската поставеност на „ТТК БАНКА" АД Скопје се базира врз искуството на двете банки што се спојуваат. Кадровскиот потенцијал го претставуваат постојните вработени во двете банки. Управниот одбор ќе го сочинуват девет члена, а Одборот за ревизија три члена.

Деловниот простор во кој ќе работи „ТТК БАНКА" АД Скопје е истиот во кој работат двете банки што се спојуваат. Дел од просторот е во сопственост на банките, а дел е изнајмен, односно земен под закуп од правни, односно физички лица.

Банките што се спојуваат немаат отпочнато постапка пред Народна банка, согласно со член 25 став 1 точка 9 од Законот за банките, за добивање претходна согласност за политиката за сигурност на информативниот систем. Сепак, во заедничка координација ги извршиле сите технички и оперативни

подготовки во насока на успешно отпочнување на функционирањето на новата банка.

Сметководствениот систем на новата банка ќе биде централизиран на ниво на банка. Централизираност на податоците ќе постои како на ниво на аналитичка евиденција по сектори, така и на ниво на единствена главна книга и ќе го користи апликативниот софтвер изработен од Pexim Solutions Скопје.

При оценка на поднесените барања, Народна банка го имаше предвид фактот дека спојувањето на двете банки ќе доведе до окрупнување на финансискиот потенцијал, што дава можност за разрешување на дел од наследените проблеми во однос на квалитетот на активата на двете банки. Имено, антиципирањето загуба од 50% по основ на реализирани хипотеки и залози значи отпочнување со работа на новата банка од пореална солвентна позиција во споредба со тековното работење на двете банки што се спојуваат, што се оценува како голема придобивка од спојувањето. Притоа, солвентната позиција на новата банка се оценува како задоволителна, односно доволна да го поддржува работењето на новиот субјект. Со оглед и на досегашното искуство од двете банки, не се очекуваат ликвидносни проблеми во работењето на новата банка. Кредитниот ризик, со оглед на деловната ориентација на новата банка, и понатаму се очекува да биде доминантен, што од своја страна ја наметнува потребата од повнимателен пристап при насочувањето на пласманите на новата банка.

Имајќи го предвид сето горенаведено, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе
жалба до Советот на НБРМ
во рок од осум дена по приемот на
Решението.

ГУВЕРНЕР

м-р Петар Гошев

НАРОДНА БАНКА НА М... СКОПЈЕ

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 15809 Скопје, 30 април 2013 година

Врз основа на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Точката 6 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, бр. 02-14/81-2006 од 5 јуни 2006 година, се менува и гласи:

„Банката може да ги врши следниве активности:
- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;
- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
- чување на хартии од вредност за клиенти;
- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
- продажба на полиси за осигурување;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и
- економско-финансиски консалтинг".

2. Со донесувањето на ова решение, ставот 2 од точката 2 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7915 од 9

декември 2008 година и точките 3 и 4 од Решението на гувернерот бр. 5042 од 27 јули 2010 година престануваат да важат.

Образложение

Со член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13) се извршија измени во член 7 став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09 и 67/10), односно во делот на активностите коишто може да ги врши банка. Со измените се менуваат називите на некои од досегашните финансиски активности и се додаваат нови активности.

Согласно со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките, Народната банка по службена должност, без поднесување барање од банките, ќе ги усогласи дозволите за основање и работење на банките во делот што се однесува на финансиските активности, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во точка 6 од Решението со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, бр. 02-14/81-2006 од 5 јуни 2006 година, се наведени финансиските активности коишто може да ги врши Банката. Во 2007 година, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 4/4944 од 9 август 2007 година на Банката ѝ е издадена согласност да врши услуги брз трансфер на пари. Со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7915 од 9 декември 2008 година е изменета точката 6 од Решението со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, односно направено е усогласување на финансиските активности коишто може да ги врши Банката согласно со Законот за банките. Дополнително, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 5042 од 27 јули 2010 година, во финансиските активности коишто може да ги врши Банката е додадена и активноста „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност".

Имајќи го предвид наведеното, како и најновите законски измени во делот на финансиските активности и обврската за усогласување на дозволите за основање и работење на банките во делот на финансиските активности, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Гувернер
Димитар Богов

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА"

ПТ Бр. 15-4098/1 Скопје, 7 февруари 2020 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 и став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13, 24/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19), одлучувајќи по барањето на „ТТК банка" АД Скопје, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Ѝ се издава претходна согласност на „ТТК банка" АД Скопје за вршење на финансиската активност „застапување во осигурувањето".

2. Во точка 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15809 од 30 април 2013 година во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „ТТК банка" АД Скопје, по алинејата 17 се додава нова алинеја 18 „ - застапување во осигурувањето". Алинеите 18, 19 и 20 стануваат алинеи 19, 20 и 21.

3. Гувернерот ќе ја повлече издадената согласност, доколку се утврди дека Банката повеќе не исполнува кој било од условите за вршење на финансиската активност предвидени во Законот за банките и Одлуката за издавање согласности.

### Образложение

На 19 ноември 2019 година „ТТК банка" АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење на финансиската активност – застапување во осигурувањето, врз основа на член 7 став 1 точка 23 и член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките. Народната банка на 10 јануари 2019 година со допис побара дополнување на доставената документација. Банката ја достави бараната документација на 17 јануари 2020 година, со што барањето е комплетирано со документацијата предвидена во глава III точка 5 од Одлуката за издавање согласности.

Финансиската активност е дефинирана во Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19). Согласно со член 134-ж од Законот за супервизија на осигурувањето, работи на застапување во осигурувањето може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка. Согласно со член 134-ж став 3 од Законот, „Народната банка ќе издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето само врз основа на претходна согласност на Агенцијата за супервизија

на осигурувањето." На 27 август 2019 година, Агенцијата за супервизија на осигурувањето со Решението бр. 19-2-668 ѝ издала на Банката согласност за вршење работи на застапување во осигурување.

По разгледувањето на доставената документација, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Воедно, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаа предвид критериумите од точка 13 од Одлуката за издавање согласности.

Од доставената документација се утврди дека:

- постои економска оправданост за отпочнување со вршење на новата финансиската активност;
- Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно и успешно вршење на новата финансиска активност и соодветна организациска поставеност;
- со предвидената внатрешна организација на Банката се обезбедува двојна контрола во вршењето на финансиската активност;
- Банката располага со соодветен информативен систем и техничка опременост за успешно и сигурно извршување на новата финансиска активност и поседува соодветен деловен простор и техничка опрема коишто ќе овозможат сигурно и непречено вршење на новата финансиска активност;
- овозможено е вклучување на новата финансиската активност во системот на внатрешна контрола, во внатрешната ревизија и во системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Банката;
- извршувањето на финансиската активност е регулирано со интерни акти;
- Банката по спроведената анализа на ризиците утврдила дека ризикот од воведувањето на новата финансиска активност – застапување во осигурувањето е низок;
- дефинирани се лицата со посебни права и одговорности надлежни за следење на вршењето на финансиската активност;
- во барањето и доставената документација не постојат недоследности коишто не можат да бидат објаснети.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT · SHKUP · СКОПЈЕ

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

„НБ ДОВЕРЛИВО"

Бр. 15-26604/5 Скопје, 17 октомври 2024 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 и став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13, 24/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19), одлучувајќи по барањето на „ТТК банка" АД Скопје, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. На „ТТК банка" АД Скопје ѝ се издава претходна согласност за вршење на финансиската активност „маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување".

2. Во точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15809 од 30 април 2013 година, во кое се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „ТТК банка" АД Скопје, по алинејата 18 се додава нова алинеја 19 „– маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување". Алинеите 19, 20 и 21 стануваат алинеи 20, 21, и 22.

Образложение

На 18 јули 2024 година, „ТТК банка" АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) врз основа на член 7 став 1 точка 23 и член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките достави барање за добивање претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење на финансиска активност – маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување. На барање на Народната банка, Банката на 13 и 24 септември 2024 година достави коригирана и дополнета документација, со што барањето е комплетирано во согласност со глава III точка 5 од Одлуката за издавање согласности.

Финансиската активност е дефинирана во член 76 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19 и 103/21) и член 108 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 124/10, 71/11 и 13/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21). Во согласност со овие законски одредби, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да врши работи на маркетинг за задолжително и/или доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во своите простории и во просториите на неговите деловни соработници за маркетинг. Деловен соработник за маркетинг може да биде банка.

По анализата на доставената документација, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Исто така, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи во согласност со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаа предвид критериумите од точката 13 од Одлуката за издавање согласности.

Според доставената документација:

- Постои економска оправданост за почнување со вршење на финансиската активност;
- Банката има соодветна структура на вработени како предуслов за вршење на финансиската активност и соодветна организациска поставеност;
- Во Банката е воспоставено функционално разграничување помеѓу вршењето на новата финансиска активност и останатите активности на Банката, како и разграничување помеѓу линиите за известување до органите надлежни за управување;
- Со предвидената организација на Банката се обезбедува двојна контрола во вршењето на финансиската активност;
- Банката располага со соодветен информативен систем и техничка опременост за успешно и сигурно извршување на новата финансиска активност и поседува соодветен деловен простор и техничка опрема коишто ќе овозможат сигурно и непречено вршење на новата финансиска активност;
- Овозможено е вклучување на новата финансиска активност во системот на внатрешна контрола, во внатрешната ревизија и во системот за спречување перење пари и финансирање тероризам на Банката;
- Извршувањето на финансиската активност е регулирано со интерни акти;
- Банката има капацитет за управување со ризиците на кои ќе биде изложена при вршењето на новата активност, коишто со спроведената анализа на ризиците утврдила дека се ниски;
- Определени се лицата со посебни права и одговорности во Банката, надлежни за координирање и следење на вршењето на новата финансиска активност и
- Во барањето и доставената документација не постојат недоследности коишто не можат да бидат објаснети.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Решението е конечно.
Против ова решение може да се поведе управен спор со поднесување тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT · СКОПЈЕ · SHKUP